2025

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.07 - 30.09.2025 ГОДИНА

III Квартал

C

**СОДРЖИНА**


I. ВОВЕД ... 3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 07 до 09 м. 2025 ГОДИНА ... 3

II. ПРИХОДИ ... 4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.07 – 30.09.2025 ГОДИНА ... 5

III. ТРОШОЦИ – ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ... 5-6

Трошоци за вработените ... 6
Патни и транспортни трошоци ... 7
Заеднички трошоци ... 8
Програмски права ... 9
Останати трошоци од работење ... 9
Инвестиции ... 10

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07 - 30.09.2025 ГОДИНА ... 10

IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2025 ГОДИНА ... 15

V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2025 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2025 ГОДИНА ... 15

1. Побарувања од купувачите во земјата ... 16
2. Побарувања од купувачите во странство ... 16

VI. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.09.2025 ГОДИНА ... 17

VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2025 ГОДИНА ... 18

# I. ВОВЕД

Македонската Радиотелевизија како јавен радиодифузен сервис, преку своите радио и ТВ канали, подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик, на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик како и на јазикот на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП Македонска Радио Телевизија изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

За реализација на програмските и останатите активности во третото тримесечје од 2025 година, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 321.801.947 денари и трошоци во износ од 235.740.342 денари при што е остварен позитивен финансиски резултат во износ од 86.061.605 денари.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ**
**ВО ПЕРИОДОТ 01.07 - 30. 09. 2025 ГОДИНА**

| ОПИС | Остварување 01.07.-30.09.2024г. | | Финансиски план 2025г. | | Остварување 01.07.-30.09.2025г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **214,641,286** | **100.0** | **1,411,864,000** | **100.0** | **321,801,947** | **100.0** | **149.9** | **22.8** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **320,070,418** | **149.1** | **1,342,236,000** | **95.1** | **235,740,342** | **73.3** | **73.7** | **17.6** |
| Трошоци за вработени | 146,172,932 | 68.1 | 659,650,000 | 46.7 | 157,234,473 | 48.9 | 107.6 | 23.8 |
| Патни трошоци и транспортни трошоци | 3,887,852 | 1.8 | 9,200,000 | 0.7 | 2,167,730 | 0.7 | 55.8 | 23.6 |
| Заеднички трошоци | 33,364,311 | 15.5 | 170,210,000 | 12.1 | 31,118,729 | 9.7 | 93.3 | 18.3 |
| Програмски права | 113,035,318 | 52.7 | 425,426,000 | 30.1 | 32,572,914 | 10.1 | 28.8 | 7.7 |
| Останати трошоци од работење | 23,610,005 | 11.0 | 77,750,000 | 5.5 | 12,646,496 | 3.9 | 53.6 | 16.3 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **-105,429,132** | | | | **86,061,605** | | | |

# II. ПРИХОДИ

Во периодот 07-09 месец 2025 година реализирани се приходи во износ од 321.801.947 денари.

Средствата кои МРТ ги добива од Буџетот на РСМ – Министерство за дигитална трансформација наменети за финансирање на радиодифузна дејност бележат остварување во износ од 315.466.002 денари или 98,0% од вкупно реализираниот приход во третиот квартал од годината.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 67.468 денари, додека пак по основ на наплата на средства од судски одлуки во корист на МРТ остварувањето изнесува 26.214 денари.

По основ на дадени услуги на соработници на МРТ во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и други услуги) и приходи од услуги во странство (технички услуги, ISDN линии и сл.) остварувањето изнесува вкупно 806.964 денари односно 8,0% во однос на планираниот износ за оваа намена.

Ставката останати деловни приходи е реализирана во износ од 3.252.482 денари а се однесува на приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, наплатени отпишани побарувања, приходи од вредносно усогласување на побарувања од РДТ, дополнително утврдени приходи од минати години и слично.

По основ на остварени приходи од маркетинг / емитувани РА и ТВ реклами и услуги во рамки на програмските содржини (особено спортска програма), кои се емитуваат на РА и ТВ програмските сервиси на МРТ остварен е приход во износ од 2.182.817 денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД**

**01.07 – 30.09.2025 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.07-30.09.2024г. | Планирани приходи за 2025г. | Остварени приходи 01.07-30.09.2025г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РСМ за финансирање на радиодифузна дејност | 186,384,201 | 1,261,864,000 | 315,466,002 | 169.3 | 25.0 | 98.0 |
| Закупнини | 89,799 | 500,000 | 67,468 | 75.1 | 13.5 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 689,752 | 5,500,000 | 517,314 | 75.0 | 9.4 | 0.2 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, отстапени права, ISDN линии и сл.) | 0 | 4,000,000 | 289,650 | 0.0 | 7.2 | 0.1 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски, дополнително утврдени приходи од претходни години и др) | 1,186,480 | 39,000,000 | 3,252,482 | 274.1 | 8.3 | 1.0 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 0 | 1,000,000 | 26,214 | 0.0 | 2.6 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 26,291,054 | 65,000,000 | 2,182,817 | 8.3 | 3.4 | 0.7 |
| Приходи од донации, продажба на програма, реемитување и останати услуги | 0 | 35,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **214,641,286** | **1,411,864,000** | **321,801,947** | **149.9** | **22.8** | **100.0** |

## III. ТРОШОЦИ

Во текот на периодот јули - септември 2025 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 235.740.342 денари кои и во вкупен износ и поединечно по групи на трошоци се реализирани во рамки на планираните износи во Годишниот финансиски план за 2025 година.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07-30.09.2025 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2024г. | Финансиски план 2025г. | Остварување 01.07.-30.09.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 146,172,932 | 659,650,000 | 157,234,473 | 107.6 | 23.8 |
| Патни и транспортни трошоци | 3,887,852 | 9,200,000 | 2,167,730 | 55.8 | 23.6 |
| Заеднички трошоци | 33,364,311 | 170,210,000 | 31,118,729 | 93.3 | 18.3 |
| Програмски права | 113,035,318 | 425,426,000 | 32,572,914 | 28.8 | 7.7 |
| Останати трошоци од работење | 23,610,005 | 77,750,000 | 12,646,496 | 53.6 | 16.3 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **320,070,418** | **1,342,236,000** | **235,740,342** | **73.7** | **17.6** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 72,270 | 69,628,000 | 1,912,225 | 2,645.9 | 2.7 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **72,270** | **69,628,000** | **1,912,225** | **2,645.9** | **2.7** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **320,142,688** | **1,411,864,000** | **237,652,567** | **74.2** | **16.8** |

## Трошоци за вработените

Во третиот квартал од 2025 година групата Трошоци за вработени е остварена во вкупен износ од 157.234.473 денари или 23,8% од средствата планирани за оваа намена. Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 156.520.067 денари и кои во однос на истиот период 2024 година се повисоко реализирани поради тоа што почнувајќи од месец Април 2025 година, извршено е усогласување на минималната плата на вработените во МРТ со минималната нето плата на ниво на држава а согласно потпишаните измени во Колективниот договор склучен помеѓу Синдикатот на МРТ и Програмскиот совет на МРТ. Во оваа група на трошоци реализација во рамки на планираните износи бележат и трошоците за отпремнина исплатена на вработените кои оствариле право на старосна пензија во износ од 449.694 денари и трошоците за други лични примања на вработените остварени во вкупен износ од 264.712 денари кои опфаќаат разни видови на помош (помош за вработени кои имаат деца со посебни потреби, помош во случај на смрт, боледување подолго од 6 месеци и слично).

Просечната плата по работник за периодот 07-09 месец 2025 година изнесува 55,527 денари.

**Патни и транспортни трошоци**

За реализација на сите планирани и непредвидени службени патувања во земјата и надвор од неа со цел исполнување на РА и ТВ програмските задачи и навремено информирање на гледачите, во третиот квартал од 2025 година групата Патни и транспортни трошоци е остварена во вкупен износ од 2.167.730 денари. Во земјата реализирани се патувања на екипите на МРТ за пренос и емитување на настани како Охридско лето, прослава на годишнина од Илинденското востание во Крушево и Пелинце, Охридски маратон, Струшки вечери на поезијата, Денови на влашка култура, филмски фестивал Браќа Манаки во Битола, пренос на фестивали како Песна ечи – Струга, детски фестивал Поточиња во Штип, фестивал на ромски јазик во Куманово, фестивал на забавна музика во Охрид како и емитување на разни натпревари од областа на спортот и останати информативни, образовни, документарни и други видови емисии за потребите на редакциите на програмските сервиси на кои се емитува радио и ТВ програмата.

Патувањата на екипите на МРТ надвор од земјата за реализацијата на планираните и тековните активности во врска со пренос или снимање на емисии од разни области или пак присуство на саеми и средби за програмски цели се однесуваат на патувања во: Лозана - известување од натпреварот Лозана-Вардар во второто квалификациско коло во Лигата на конференции на УЕФА, Маглај - Проследување и следење на младинскиот музички фестивал Студентско Лето 2025, Сараево - присуство Сараево филм фестивал, Тиват - средба со менаџерскиот тим на Радиотелевизијата Црна Гора, Билбао - Учество на синдикални претставници од Јавните сервиси од Европа на тема - Овозможување на здрави работни места во ерата на дигитализацијата, Ница - Средба со потенцијални копродуценти за филмот Тоше Проески, Амстердам - посета на IBC broadcast equipment show 2025- Саем на професионална ТВ опрема IBC 2025, Прага - известување од пријателскиот натпревар на македонската машка "А" селекција против Саудиска Арабија, Нови Сад - снимање на Тамбурица фест со колеги од РТ Војводина а на кој учествуваа Нино Величковски и Боби Амадеус од РСМ, Златибор - снимање прилози за Златибор и Тара и јавувања во живо во рамките на утринската програма на МРТ и слично.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ и тоа во: Подградец - известување од настанот Македонско културно лето на кој присуствуваа министрите Муцунски, Тошковски и Љутков, Атина - известување од посетата на Министерот за надворешни работи и трговија Тимчо Муцунски, Осака - известување од ЕКСПО 2025 каде висока владина делегација предводена од министрите Златко Перински и Весна Јаневска присуствуваше на Експо 2025, Њујорк - известување од посетата на Претседателката Гордана Силјановска Давкова на Годишно собрание на ОН и состаноци со бизнис заедницата и македонската дијаспора.

## Заеднички трошоци

Во третиот квартал од 2025 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 31.118.729 денари и реализација од 18,3% на финансискиот план за 2025 година за оваа намена. Оваа група на трошоци ги опфаќа следните видови на трошоци: трошоци за електричен, технички материјал и материјал за поправка и одржување со вкупно остварување од 148.448 денари, трошоци за канцелариски материјали, материјали за возен парк и заштитна облека и обувки ХТЗ опрема со вкупно остварување од 87.466 денари, трошоци за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво остварени во вкупен износ од 6.481.956 денари, трошоците за ситен инвентар во износ од 624.086 денари, како и телефонските трошоци (фиксна и мобилна телефонија) со интернет и поштарина остварени во вкупен износ од 916.849 денари и трошоците за аудио и видео линии потребни за сите радио и ТВ преноси реализирани се во износ од 1.138.302 денари. Остварување во рамки на планираните износи за 2025 година бележат и трошоците за обезбедување на имот и лица и трошоците за одржување на хигиена и тоа во вкупен износ од 2.587.749 денари, трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти во вкупен износ од 1.053.502 денари, потоа трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 250.162 денари како и трошоците за комунални услуги со вкупна реализација од 1.557.067 денари. За огласи и конкурси, за шпедитерски услуги како и за регистрација на возилата и давање на полномоштва за управување со возилата кои се во сопственост на МРТ остварен е трошок во вкупен износ од 203.595 денари. Пресметаните трошоци за амортизација на основните средства во анализираниот период изнесуваат вкупно 8.099.641 денар или 16,1% од планираните трошоци на финансискиот план за 2025 година. За осигурување на имотот и возилата на МРТ како и за патнички осигурувања реализирани се трошоци во износ од 648.736 денари, додека пак за надомест на членовите на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ реализацијата изнесува 2.817.093 денари, а пресметката и исплатата се врши согласно законот за ААВМУ. Остварувањето за репрезентација изнесува 166.837 денари а банкарските трошоците се реализирани во износ од 162.365 денари. Трошоците за даноци, судски такси и слично остварени се во вкупен износ од 2.143.663 денари, а за камати од работење, затезни камати и негативните разлики изнесуваат вкупно 1.794.233 денари. Трошоците за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра (надвор од постапка за јавна набавка) се реализирани во износ од 59.567 денари.

## Програмски права

Групата на трошоци за откуп на програмски права со цел емитување на разновидни програмски содржини е остварена во вкупен износ од 32.672.914 денари што претставува 7,7% реализација на планот за 2025 година за оваа намена.

Ставката откуп на права за пренос и емитување на спортски настани е реализирана во износ од 615.957 денари, а се однесува на фактурирана реализација на спортски права за пренос на натпревари на македонските фудбалски екипи.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 30.647.362 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на емисии од областа на музиката, образованието, забавно-контактни емисии, информативни емисии и серијали како ТВ проекти со наслов Животна приказна, Агенда 35, Објектив, ТВ проекти со наслов 360 Степени, Приказна, Ток шоу Жиле (Т), Домашна работа, потоа серијал на албански јазик со наслов Авантури низ знаењето, емисии за деца на македонски и албански јазик како Буквождер, Се за деца, Мислотека како и ТВ проектите Трафика, Низ град со Кики, Книжевна одисеја и Македонската кинематографија и ѕвездите што ја обликуваа.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 809.063 денари и таа во овој период опфаќа фактурирана реализација за пристап до лиценцирани вести од интернет.

Надоместот за откуп на лиценца за емитување на јуниорски Евросонг 2025 година изнесува 500.532 денари.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци во анализираниот период е остварена во вкупен износ од 12.646.496 денари или остварување од 16,3% во однос на планираниот износ за оваа намена. Истата ги опфаќа трошоците за адвокатски и нотарски услуги во износ од 27.305 денари, трошоци за сателитски сегмент во износ од 31.343 денари како и трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори се остварени во износ од 8.821.976 денари, реализирани со цел да се надмине проблемот со дефицит на кадар во одделни сектори или одделенија во МРТ. Како дел од оваа група се и трошоците за годишни членарини за учество во меѓународни организации – ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО и слично реализирани во износ од 3.719.431 денар.

## Инвестиции

Во делот на тендерски постапки за набавка на нова опрема и инвестирање во одржување и реконструкција на постоечката кои се во тек, фактурираната реализација во анализираниот период изнесува 1.912.225 денари во чии рамки набавени се картички за снимање, стативи за камери, хибридни кабли за камери, Лап топ компјутери како и извршена е надградба на постоечки софтвер за уред за снимање.

**АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07 - 30.09.2025 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2024г. | Финансиски план 2025г. | Остварување 01.07.-30.09.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1)Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати за вработени | 145,197,735 | 630,000,000 | 156,520,067 | 107.8 | 24.8 |
| Регрес за годишен одмор | 0 | 18,700,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 490,580 | 2,500,000 | 449,694 | 91.7 | 18.0 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени, разни видови помош) | 311,341 | 2,500,000 | 264,712 | 85.0 | 10.6 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 165,212 | 5,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за здравствени услуги | 2,400 | 650,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 5,664 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **146,172,932** | **659,650,000** | **157,234,473** | **107.6** | **23.8** |
| **Патни и транспортни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 672,238 | 2,000,000 | 1,157,013 | 172.1 | 57.9 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 1,903,049 | 3,800,000 | 609,540 | 32.0 | 16.0 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 1,256,982 | 2,500,000 | 276,460 | 22.0 | 11.1 |
| Сопствено возило за службени потреби | 0 | 300,000 | 49,956 | 0.0 | 16.7 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 43,910 | 250,000 | 73,771 | 168.0 | 29.5 |
| **Вкупно 2** | **3,876,179** | **8,950,000** | **2,166,740** | **55.9** | **24.2** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 11,673 | 250,000 | 990 | 8.5 | 0.4 |
| **Вкупно 3** | **11,673** | **250,000** | **990** | **8.5** | 0.4 |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **3,887,852** | **9,200,000** | **2,167,730** | **55.8** | **23.6** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2024г. | Финансиски план 2025г. | Остварување 01.07.-30.09.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 292,393 | 1,400,000 | 14,751 | 5.0 | 1.1 |
| Технички материјал | 513,110 | 1,400,000 | 133,697 | 26.1 | 9.5 |
| Сценографски материјали, реквизита и друго | 0 | 550,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за шминка и фризура | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 4** | **805,503** | **3,750,000** | **148,448** | **18.4** | **4.0** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 417,974 | 1,000,000 | 87,466 | 20.9 | 8.7 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 6,967 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **424,941** | **1,500,000** | **87,466** | **20.6** | **5.8** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 8,027,487 | 29,000,000 | 4,575,926 | 57.0 | 15.8 |
| Трошоци за топлотна енергија | 1,662,761 | 16,000,000 | 1,377,951 | 82.9 | 8.6 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 568,771 | 2,500,000 | 528,079 | 92.8 | 21.1 |
| **Вкупно 6** | **10,259,019** | **47,500,000** | **6,481,956** | **63.2** | **13.6** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 151,032 | 1,500,000 | 624,086 | 413.2 | 41.6 |
| **Вкупно 7** | **151,032** | **1,500,000** | **624,086** | **413.2** | **41.6** |
| ***8)Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 58,229 | 600,000 | 85,416 | 146.7 | 14.2 |
| Телефонски трошоци-мобилни телефонија | 608,328 | 2,000,000 | 611,658 | 100.5 | 30.6 |
| Трошоци за интернет | 217,133 | 1,000,000 | 197,172 | 90.8 | 19.7 |
| Поштарина | 35,624 | 300,000 | 22,603 | 63.4 | 7.5 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 735,348 | 3,000,000 | 1,138,302 | 154.8 | 37.9 |
| **Вкупно 8** | **1,654,662** | **6,900,000** | **2,055,151** | **124.2** | **29.8** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 1,291,215 | 5,200,000 | 1,270,860 | 98.4 | 24.4 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 1,418,305 | 5,200,000 | 934,204 | 65.9 | 18.0 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 159,966 | 3,300,000 | 119,298 | 74.6 | 3.6 |
| Одржување на возила | 25,814 | 2,500,000 | 90,974 | 352.4 | 3.6 |
| Одржување на GPS уреди | 12,489 | 150,000 | 11,196 | 89.6 | 7.5 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна на МРТ | 249,852 | 1,000,000 | 250,162 | 100.1 | 25.0 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 1,093,089 | 4,400,000 | 1,316,889 | 120.5 | 29.9 |
| **Вкупно 9** | **4,250,730** | **21,750,000** | **3,993,583** | **94.0** | **18.4** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2024г. | Финансиски план 2025г. | Остварување 01.07.-30.09.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 0 | 30,000 | 1,232 | 0.0 | 4.1 |
| Дератизација и дезинфекција | 0 | 500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за ѓубретарина | 207,993 | 1,000,000 | 210,105 | 101.0 | 21.0 |
| Трошоци за вода | 1,312,278 | 3,500,000 | 1,345,730 | 102.5 | 38.4 |
| **Вкупно 10** | **1,520,271** | **5,030,000** | **1,557,067** | **102.4** | **31.0** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 10,413 | 100,000 | | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 39,356 | 600,000 | 41,256 | 104.8 | 6.9 |
| Трошоци за регистрација на возила,полномоштва и друго | 69,545 | 400,000 | 158,019 | 227.2 | 39.5 |
| Шпедитерски услуги, царински услуги и брза пошта | 0 | 150,000 | 4,320 | 0.0 | 2.9 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за фотокопирање | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **119,314** | **1,650,000** | **203,595** | **170.6** | 12.3 |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 8,324,416 | 50,250,000 | 8,099,641 | 97.3 | 16.1 |
| **Вкупно 12** | **8,324,416** | **50,250,000** | **8,099,641** | **97.3** | **16.1** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања, ревалоризација на обврски, побарувања од купувачите, отпис на побарувања и сл. | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **0** | **200,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 439,742 | 800,000 | 166,837 | 37.9 | 20.9 |
| **Вкупно 14** | **439,742** | **950,000** | **166,837** | **37.9** | 17.6 |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 1,226,269 | 2,500,000 | 648,736 | 52.9 | 25.9 |
| **Вкупно 15** | **1,226,269** | **2,500,000** | **648,736** | **52.9** | 25.9 |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 93,192 | 590,000 | 162,365 | 174.2 | 27.5 |
| **Вкупно 16** | **93,192** | **600,000** | **162,365** | **174.2** | **27.1** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 17** | **0** | **450,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2024г. | Финансиски план 2025г. | Остварување 01.07.-30.09.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 1,694,309 | 10,000,000 | 2,817,093 | 166.3 | 28.2 |
| **Вкупно 18** | **1,694,309** | **10,000,000** | **2,817,093** | **166.3** | **28.2** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 0 | 5,000,000 | 2,132,536 | 0.0 | 42.7 |
| Судски трошоци и административни такси | 5,551 | 200,000 | 11,127 | 200.5 | 5.6 |
| **Вкупно 19** | **5,551** | **5,200,000** | **2,143,663** | **38,617.6** | **41.2** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **0** | **100,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 0 | 2,000,000 | 75,242 | 0.0 | 3.8 |
| **Вкупно 21** | **0** | **2,000,000** | **75,242** | **0.0** | **3.8** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 1,796,057 | 5,500,000 | 1,683,070 | 93.7 | 30.6 |
| **Вкупно 22** | **1,796,057** | **5,500,000** | **1,683,070** | **93.7** | **30.6** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 472,947 | 2,000,000 | 111,163 | 23.5 | 5.6 |
| **Вкупно 23** | **472,947** | **2,000,000** | **111,163** | 23.5 | 5.6 |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра | 126,356 | 880,000 | 59,567 | 47.1 | 6.8 |
| **Вкупно 24** | **126,356** | **880,000** | **59,567** | **47.1** | **6.8** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **33,364,311** | **170,210,000** | **31,118,729** | **93.3** | **18.3** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 0 | 68,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати програмски права | 14,112,962 | 24,826,000 | 809,063 | 5.7 | 3.3 |
| Надомест за јуниорски евросонг | 498,909 | 600,000 | 500,532 | 100.3 | 83.4 |
| Права за спортски настани | 47,930,455 | 54,000,000 | 615,957 | 1.3 | 1.1 |
| Копродукциски проекти | 50,492,992 | 278,000,000 | 30,647,362 | 60.7 | 11.0 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **113,035,318** | **425,426,000** | **32,572,914** | **28.8** | **7.7** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 29,940 | 400,000 | 44,941 | 150.1 | 11.2 |
| Останати наемнини - ангажирање/наем на економски оператори за реализација на настан - Асамблеа/Собрание на ЕБУ | 0 | 4,750,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 26** | **29,940** | **5,150,000** | **44,941** | **150.1** | **0.9** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2024г. | Финансиски план 2025г. | Остварување 01.07.-30.09.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 74,489 | 1,000,000 | 27,305 | 36.7 | 2.7 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 29,500 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 6,210,645 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 5,656,270 | 26,000,000 | 8,821,976 | 156.0 | 33.9 |
| Трошоци за Евровизија и јуниорски Евросонг | 0 | 2,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за судски извршители | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Сателитски сегмент | 35,414 | 0 | 31,343 | 88.5 | 0.0 |
| **Вкупно 27** | **12,006,318** | **31,700,000** | **8,880,624** | **74.0** | **28.0** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - (ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО) | 3,781,665 | 17,500,000 | 3,719,431 | 98.4 | 21.3 |
| Котизации и акредитации | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 7,790,582 | 18,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 0 | 5,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **11,572,247** | **40,800,000** | **3,719,431** | **32.1** | **9.1** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 1,500 | 100,000 | 1,500 | 100.0 | 1.5 |
| **Вкупно 29** | **1,500** | **100,000** | **1,500** | **100.0** | 1.5 |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **23,610,005** | **77,750,000** | **12,646,496** | **53.6** | **16.3** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **320,070,418** | **1,342,236,000** | **235,740,342** | **73.7** | **17.6** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и инвестиции | 72,270 | 69,628,000 | 1,912,225 | 2,645.9 | 2.7 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **72,270** | **69,628,000** | **1,912,225** | 2,645.9 | 2.7 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **320,142,688** | **1,411,864,000** | **237,652,567** | **74.2** | **16.8** |

## IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2025г.

Состојбата на денарските сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2025 година изнесува:

- Комерцијална банка 673.735 денари
- Халк банка 29.586.169 денари
- Стопанска банка 1.886.707 денари
- Тутунска банка 6.755.717 денари
- Шпаркасе банка 2.621.862 денари
- Алфа банка-Силк Роуд 18.586 денари
- Прокредит банка 126.482 денари

***Вкупно на сметки 41.669.258 денари***

Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2025 година изнесува:

- Комерцијална банка 168 ДКК
- Комерцијална банка 57.299 ЕУР
- Комерцијална банка 1.770 АУД
- Прокредит банка 3.666 ЕУР
- Стопанска банка 121 УСД

## V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2025 ГОДИНА

**РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 30.09.2025 ГОДИНА**

| ОПИС | Состојба на 31.12.2024 | Состојба на 30.09.2025 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | 2,062,666,362 | 2,046,430,175 | 99.2 |
| **Побарувања од купувачите во странство** | 45,526,199 | 36,199,215 | 79.5 |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | -2,072,326,625 | -2,065,787,095 | 99.7 |
| **Вкупно:** | **35,865,936** | **16,842,295** | **47.0** |

Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2024 | Состојба на 30.09.2025 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - редовни побарувања | 2,038,199,537 | 2,022,836,181 | 99.2 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 24,466,825 | 23,593,994 | 96.4 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,034,327,991 | -2,030,808,399 | 99.8 |
| **Вкупно:** | **28,338,371** | **15,621,776** | **55.1** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата изнесуваат 15.621.776 денари а се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2024 | Состојба на 30.09.2025 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,012,573,072 | 2,009,136,183 | 99.8 |
| - радио и телевизиски реклами | 22,542,139 | 10,416,553 | 46.2 |
| - закуп на основни средства | 100,498 | 104,329 | 103.8 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода,струја,спогодби) | 2,373,397 | 2,772,162 | 116.8 |
| - побарувања по основ на спогодби | 610,431 | 406,954 | 66.7 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 24,466,825 | 23,593,994 | 96.4 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,034,327,991 | -2,030,808,399 | 99.8 |
| **Вкупно:** | **28,338,371** | **15,621,776** | **55.1** |

## Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 30.09.2025 година изнесуваат 1.220.519 денари и е однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2024 | Состојба на 30.09.2025 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права и сл.) | 34,518,783 | 31,315,128 | 90.7 |
| - ТВ услуги | 540,052 | 541,828 | 100.3 |
| - технички услуги | 3,020,926 | 3,052,446 | 101.0 |
| - побарувања од закупнини | 16,786 | 16,841 | 100.3 |
| - отстапени права | 6,951,247 | 789,906 | 11.4 |
| - фестивали во странство | 143,417 | 144,857 | 101.0 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 313,729 | 316,880 | 101.0 |
| - останати побарувања од странство | 21,259 | 21,329 | 100.3 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -37,998,633 | -34,978,696 | 92.1 |
| **Вкупно:** | **7,527,566** | **1,220,519** | **16.2** |

# VI. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.09.2025 ГОДИНА

| **ОПИС** | **Состојба на 31.12.2024** | **Состојба на 30.09.2025** |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **479,517,314** | **342,508,209** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 187,518,255 | 140,279,029 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 74,181,869 | 21,950,794 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 1,307 | 0 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД.ПД) даноци и придонеси на плата, камати по истите и сл. | 23,309,342 | 17,634,924 |
| Обврски спрема вработените | 36,453,537 | 35,359,783 |
| Краткорочни обврски МФ (доспена камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 143,163,078 | 123,163,078 |
| Останати краткорочни обврски | 891,956 | 889,531 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 13,996,970 | 3,230,070 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг за ММИ) | 1,000 | 1,000 |
| **Долгорочни обврски** | **109,822,285** | **109,822,285** |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 109,822,285 | 109,822,285 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **589,339,599** | **452,330,494** |

Вкупните обврски на ЈРП МРТ на 30.09.2025 година изнесуваат 452.330.494 денари и истите, во однос на состојбата на 31.12.2024 година, се намалени за 137.009.105 денари.

## VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2025 ГОДИНА

Бројот на вработени во ЈРП МРТ на 30.09.2025 година изнесува вкупно 598 лица, што е помалку за 13 лица или за 2,1% во однос на состојбата на 30.06.2025 година.

### СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2025 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.06.2025 | 2 | 44 | 288 | 6 | 263 | 7 | 1 | 611 | |
| 30.09.2025 | 2 | 43 | 282 | 5 | 258 | 7 | 1 | 598 | -13 |
| структура 30.09.2025г.(%) | 0.3 | 7.2 | 47.2 | 0.8 | 43.1 | 1.2 | 0.2 | 100.0 | -2.1 |

### СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2025 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.06.2025 | 405 | 148 | 23 | 18 | 6 | 6 | 4 | 1 | 611 | |
| 30.09.2025 | 394 | 147 | 23 | 17 | 6 | 6 | 4 | 1 | 598 | -13 |
| структура 30.09.2025г.(%) | 65.9 | 24.6 | 3.8 | 2.8 | 1.0 | 1.0 | 0.7 | 0.2 | 100.0 | -2.1 |

Во текот на третото тримесечје односно во периодот Јули-Септември 2025 година во ЈРП МРТ нема нови вработувања.

Во овој период по основ на стекнување на право за пензионирање од Куќата се заминати 6 лица и тоа: 3 вработени на работно место Новинар 1 со ВСС,1 Сниматели камерман 2 со ССС, 1 Техничар 1 во РА Продукција и 1 Референт 1 со ВС. Две лица, Лектор со ВСС и Новинар 3 со ССС се заминати со поднесување на отказ на договорот за вработување, еден вработен, Сниматели камерман 2 со ССС ја напуштил МРТ со спогодбено раскинување на договорот за вработување, додека пак, на едно лице, Новинар 1 со ВСС договорот за вработување му е ставен во мирување поради извршување на државна функција. Во истиот период, починати се три лица и тоа Техничар 1 во ТВ Техника со ССС, Новинар 1 со ВСС и Одговорен уредник на програмски сервис со ВСС.

Скопје, Ноември 2025 година

Директор на ЈРП МРТ

Марјан Цветковски